# СЛУЖБЕ Н  Г Л А С Н И К

**НА**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**


| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Крива Паланка<br>Издавач : Општина Крива Паланка<br>Излегува по потреба** | **Број 8<br><br>20.07.2021** | **Гласникот е бесплатен** |

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа „(Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10 ,08/2014,02/18 и 03/19), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 19.07.2021 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За доделување на финансиски сретства за учество на лица на европско првенство во карате како членови на репрезентцијата на Република Северна Македонија**

Член 1

Со оваа Одлука, Советот на Општина Крива Паланка, доделува вкупно 40.000,00 денари финансиска помош и тоа по 20.000 денари на Вукашин Јовановиќ и Јована Мицовска како финансиска помош за учество на европско првенство во карате како членови на репрезентцијата на Република Северна Македонија .

Член 2

Финансиските средства од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Крива Паланка за 2021 година согласно Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка бр.09-3629/5 од 30.12.2020 година – Програма АО-Совет расходно конто 412 постаојани резерви.

Член 3

Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09-2150/3**
**19.07.2021 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за доделување на финансиски сретства за учество на лица на европско првенство во карате како членови на репрезентцијата на Република Северна Македонија**

1. Се објавува Одлука за доделување на финансиски сретства за учество на лица на европско првенство во карате како членови на репрезентцијата на Република Северна Македонија , што Советот ја донесе на 54-та седница, одржана на ден 19.07.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 2150/4**
**20.07.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 32 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на Р.М бр. 61/04 ; 96/04 ; 67/07; 156/09 ; 47/11 ; 192/15 ; 209/18 и 244/19 година) , и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка ( " Службен гласник на Општина Крива Паланка бр. 08/10 ; 08/14 ; 02/18 и 03/19 “ ) , Советот на Општина Крива Паланка на 54 – та седница одржана на ден 19 . 07. 2021 година , донесе :

**О Д Л У К А**

**За усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка К1 , К2 и К3 за II квартал за 2021 година**

**Член 1**

Се усвојува Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка К1 , К2 и К3 за II квартал за 2021 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на донесувањето , а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“ .

**Бр . 09 – 2150/5**
**19. 07. 2021 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка К1,К2 и К3 за II квартал за 2021 година**

1. Се објавува Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка К1,К2 и К3 за II квартал за 2021 година , што Советот ја донесе на 54-та седница, одржана на ден 19.07.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 2150/6**
**20.07.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ( „ Службен весник на Р.М “ бр. 5/02 ) , член 29 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа ( „ Службен весник на Р.М. “ бр. 61/04 ; 96/04 ; 67/07 ; 156/09 ; 47/11 ; 192/15 ; 209/18 ,244/19 и 77/2021 член 22 – а став (1) ) и член 36 од Законот за Буџетите ( „ Службен весник на Р.М. “ бр. 64/05 ; 04/08 ; 103/08 ; 156/09 ; 95/10 ; 180/11 ; 171/12 ;192/15 и 167/16 ) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка ( „ Службен гласник на Општина Крива Паланка “ бр. 08/10 ; 08/14 ; 02/18 и 03/19 ) , Советот на Општина Крива Паланка на 54 - та седница одржана на ден 19. 07 . 2021 година , донесе :

**ОДЛУКА**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ**

**НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2021 ГОДИНА**

**1.Општ дел**

**Член 1**

Буџетот на Општина **КРИВА ПАЛАНКА** за 2021 година , се состои од :

**БУЏЕТ РЕБАЛАНС**

**I. Вкупно приходи 488.481.737 505.900.977**

Даночни приходи 59.931.000 59.931.000

Неданочни приходи 17.010.000 17.010.000

Капитални приходи 46.261.044 46.261.044

Приходи од дотации 241.434.761 241.434.761

Приходи од трансвери 85.677.040 94.661.300

Приходи од донации 38.167.892 46.602.892

**II. Вкупно расходи 509.325.737 526.744.997**

Од утврдени намени 509.025.737 526.444.997

Расходи од резерви 300.000 300.000

**III. Дефицит - 20.844.000 - 20.844.000**

**IV. Финансирање 20.844.000 20.844.000**

**Прилив 26.000.000 26.000.000**

Домашни задолжувања 26.000.000 26.000.000

Странски заеми 0 0

**Одлив 5.156.000 5.156.000**

Отплата на главница 5.156.000 5.156.000

**Член 2**

Приходите на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи , а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи .

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на Општина Крива Паланка “ .

**Бр. 09 – 2150/7**
**19 . 07 . 2021 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2021 година**

1. Се објавува Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2021 година, што Советот ја донесе на 54-та седница, одржана на ден 19.07.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 2150/8**
**20.07.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 14 став 1 точка 40 и 41 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 8/14, 2/18 и 3/19), а во врска со член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19) и член 12 став 2 алинеја 3 од Одлуката за основање на Заедничко Јавно Претпријатие за Регионално Управување со Отпад „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК“ Свети Николе, Советот на Општина Крива Паланка на Седницата одржана на ден 19.07.2021 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за именување на член на Управниот Одбор на Заедничко Јавно Претпријатие за Регионално Управување со Отпад „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК“ Свети Николе**

**Член 1**

За член на Управниот Одбор на Заедничко Јавно Претпријатие за Регионално Управување со Отпад „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК“ Свети Николе се именува:

- Александар Стојчевски

**Член 2**

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.09-2150/9**
**19.07.2021 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Решение за именување на член на Управниот Одбор на Заедничко Јавно Претпријатие за Регионално Управување со Отпад**

**,,ЕКО ИСТОК –СЕВЕРОИСТОК’’Свети Николе**

1. Се објавува Решение за именување на член на Управниот Одбор на Заедничко Јавно Претпријатие за Регионално Управување со Отпад

,,ЕКО ИСТОК –СЕВЕРОИСТОК’’Свети Николе, што Советот ја донесе на 54-та седница, одржана на ден 19.07.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 2150/10**
**20.07.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 14 став 1 точка 11 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.08/10, 08/14, 02/18 и 03/19), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на. 19.07.2021 година донесе

**О Д Л У К А**

**За доделување на стипендии за ученици спортисти во индивидуални спортови и ученици спортисти во екипни спортови кои учат во основните училишта на подрачјето на општина Крива Паланка и средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2021/2022 година**

Член 1

Со оваа Одлука се доделуваат четири стипендии за ученици спортисти во индивидуални спортови и четири стипендии за ученици спортисти во екипни спортови кои учат во основните училишта на подрачјето на општина Крива Паланка и средните училиште во Република Северна Македонија за учебната 2021/2022 година.

Член 2

Висината на стипендијата која се доделува на учениците наведени во член 1 од оваа Одлука ќе изнесува 3.000,00 денари месечно, а ќе се исплатува 9 месеци во учебната година, почнувајки од месец октомври заклучно со месец јуни.

Член 3

Општина Крива Паланка ќе објави повик за доделување на стипендии за ученици спортисти во индивидуални спортови и ученици спортисти во екипни спортови кои учат во основните училишта на подрачјето на општина Крива Паланка и средните училишта во Република Северна Македонија, а начинот на аплицирање, роковите, условите, критериумите и постапката за избор и за доделување на стипендии се утврдени со посебен Правилник бр.09-2369/43 од 25.08.2020 година, донесен од страна на Советот на Општина Крива Паланка.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр. 09-2150/11**
**19 .07. 2021 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за доделување на стипендии за ученици спортисти во индивидуални спортови и ученици спортисти во екипни спортови кои учат во основните училишта на подрачјето на општина Крива Паланка и средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2021/2022 година**

1. Се објавува Одлука за доделување на стипендии за ученици спортисти во индивидуални спортови и ученици спортисти во екипни спортови кои учат во основните училишта на подрачјето на општина Крива Паланка и средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2021/2022 година, што Советот ја донесе на 54-та седница, одржана на ден 19.07.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 2150/12**
**20.07.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 14 став 1 точка 11 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.08/10, 08/14, 02/18 и 03/19), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на. 19. 07.2021 година донесе

**О Д Л У К А**

**За субвенциониран превоз на студенти за студиската 2021/2022 кои студират на државните универзитети во Скопје, а се жители на Општина Крива Паланка**

Член 1

Со оваа Одлука се доделуваат субвенции за (10) десет студенти за студиската 2021/2022 година кои студираат на државните универзитети во Скопје.

Член 2

Секој студент се субвенционира со два повратни месечни билети до државните универзитети во Скопје почнувајќи од месец септември заклучно со месец јуни.

Член 3

Превозот на студентите е со АДПТУ Пролетер АД с. Конопница Крива Паланка со кого Општина Крива Паланка има потпишано меморандум за соработка бр.08-72/1 од 05.01.2018 година.

Член 4

Општина Крива Паланка ќе објави повик за доделување на субвенциониран превоз за студиската 2021/2022 година, а начинот на аплицирање, роковите, условите, критериумите и постапката за избор и за доделување на субвенциониран превоз се утврдени со посебен Правилник бр.09-2790/21 од 28.12.2017 год. донесен од страна на Советот на Општина Крива Паланка.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр. 09- 2150/13**
**19.07.2021 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за субвенциониран превоз на студенти за студиската 2021/2022 кои студират на државните универзитети во Скопје, а се жители на Општина Крива Паланка**

1. Се објавува Одлука за субвенциониран превоз на студенти за студиската 2021/2022 кои студират на државните универзитети во Скопје, а се жители на Општина Крива Паланка , што Советот ја донесе на 54-та седница, одржана на ден 19.07.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 2150/14**
**20.07.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) и член 14, став 1, точка 40 од Статутот на Општина Крива Паланка (Сл.гласник на Општина Крива Паланка бр.8/10, 8/2014, 02/18 и 03/19), а во врска со Одлуката на Совет на Општина Крива Паланка бр.09- од 19 07.2021 година за доделување стипендии за подршка на млади таленти од општина Крива Паланка Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден од 19. 07. 2021 година донесе

**ПРАВИЛНИК**

ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ И ПРАВИЛАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИИ ЗА ПОДРШКА НА МЛАДИ ТАЛЕНТИ ОД ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Член 1

Со овој правилник се одредуваат условите, критериумите и правилата за доделување на стипендии за подршка на млади таленти од Општина Крива Паланка, како и правата и обврските на примателите на стипендии.

Со правилникот за условите, критериумите и правилата за доделување на стипендии за подршка на млади таленти од Општина Крива Паланка (во понатамошниот текст Правилник) се уредуваат видот и бројот на стипендии што ги доделува Општина Крива Паланка, објавувањето на конкурсот за доделување стипендии, начинот на пријавување на кандидатите за стипендии, условите за добивање на стипендии и други прашања поврзани со доделување на стипендии .

Член 2

**ОСНОВНИ ОДРЕДБИ**

За доделување на сите видови стипендии одлучува Комисија за спроведување на постапката за доделување на стипендии формирана со Решение донесено од страна на градоначалникот на Општина Крива Паланка (во понатамошниот текст Комисија).

Стипендиите за подршка на млади таленти од Општина Крива Паланка се доделуваат за поединечна учебна година, а врз основа на објавен конкурс.

Доделувањето на сите видови на стипендии уредени подолу е исклучиво право на Општината, кое зависи од можностите на Општината.

Стипендиите можат да бидат само целосни.

Член 3

**ВИДОВИ И БРОЈ НА СТИПЕНДИИ**

Општината доделува два вида стипендии:

- четири стипендии на талентирани студенти и
- четири стипендии на талентирани ученици од средно образование.

**УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИИ**

Член 4

Право на стипендија имаат кандидатите кои ги исполнуваат следните услови:

- Општи услови за ученици од средно образование и студенти :

1 да се жители на општина Крива Паланка

2 да се државјани на Република Северна Македонија

3 да не се корисници на стипендија или кредит од други установи, институции или компании (доказ писмена изјава од кандидатот)

- Посебни услови за ученици од средно образование:

1 да се запишани и да учат во средните училишта во Република Северна Македонија.

2 да се одлични ученици

3 да се редовни ученици;

- Посебни услови за студенти:

1 да се запишани и да студираат на факултетите во Република Северна Македонија

2 да се успешни студенти,

3 да се редовни студенти;

4 да не се постари од 25 години (за студенти)

Член 5

Критериуми за доделување на стипендија се:

- УЧЕНИЦИ ОД СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

-да се редовни ученици од средно образование кои во досегашното школување имаат континуиран одличен успех од 4,5(четириипол), кои освоиле I, II или III награда на меѓународни, државни, регионални и општински натпревари од областа на науката, техниката, културата и

уметноста, односно област соодветна на нивното образование. За учениците од прва година средно училиште аналогно ќе се земат во предвид досегашниот успех во образованието и добиените награди.

-одличен успех (4,9-5,0) 60 бода

(4,8-4,9) 58 бода

(4,7-4,8) 56 бода

(4,6-4,7) 54 бода

(4,5-4,6) 52 бода

-меѓународен натпревар

- прво место 10 бода
- второ место 9 бода
- трето место 8 бода

-државен натпревар

- прво место 8 бода
- второ место 7 бода
- трето место 6 бода

-регионален натпревар

- прво место 6 бода
- второ место 5 бода
- трето место 4 бода

-општински натпревар

- прво место 4 бода
- второ место 3 бода
- трето место 2 бода

-месечни примања по член на семејство 40 бода

- се земаат месечните примања по член на семејство во однос на просечно исплатена месечна нето плата по вработен во Република Северна Македонија за последните три месеци.

Посебниот талент ќе биде оценет од страна на комисијата.

- СТУДЕНТИ

- да се редовни студенти кои во претходните години на студии постигнале просечен успех над 8,50 (осумипол) и освоиле I, II или III награда на меѓународен, државни, регионални и општински натпревари од областа на науката, техниката, културата и уметноста, односно област

соодветна на нивното образование. За студентите кои за прв пат се запишуваат во 1 година на студии ќе се земат во предвид резултатите од досегашниот успех во образованието како и претходно освоените награди.

| | | |
|---|---|---|
| -одличен успех | (9.9-10,0) | 60 бода |
| | (9,8-9,9) | 59 бода |
| | (9,7-9,8) | 58 бода |
| | (9,6-9,7) | 57 бода |
| | (9,5-9,6) | 56 бода |
| | (9,4-9,5) | 55 бода |
| | (9,3-9,4) | 54 бода |
| | (9,2-9,3) | 53 бода |
| | (9,1-9,2) | 52 бода |
| | (9,0-9,1) | 51 бода |
| | (8,9-9,0) | 50 бода |
| | (8,8-8,9) | 49 бода |
| | (8,7-8,8) | 48 бода |
| | (8,6-8,7) | 47 бода |
| | (8,5-8,6) | 46 бода |

-меѓународен натпревар

- прво место 10 бода
- второ место 9 бода
- трето место 8 бода

-државен натпревар

- прво место 8 бода
- второ место 7 бода
- трето место 6 бода

-регионален натпревар

- прво место 6 бода
- второ место 5 бода
- трето место 4 бода

-општински натпревар

- прво место 4 бода
- второ место 3 бода
- трето место 2 бода

-месечни примања по член на семејство 40 бода

- се земаат месечните примања по член на семејство во однос на просечно исплатена месечна нето плата по вработен во Република Северна Македонија за последните три месеци.

Посебниот талент ќе биде оценет од страна на комисијата.

Член 6

**ПРИЈАВУВАЊЕ**

Конкурсот за доделување стипендии се објавува на огласна табла и на интернет страницата на општината www.krivapalanka.gov.mk .

Конкурсот за доделување на стипендии за подршка на млади таленти од Општина Крива Паланка ќе содржи:

- видот и бројот на стипендии

- условите и критериумите за доделување на стипендиите

- потребните документи кои кандидатот треба да ги приложи кон пријавата

- начинот, рокот на пријавување и место на поднесување на документи

- рокот за објавување на резултатите на кандидатите

Член 7

Пријавата се поднесува на образец изготвен од страна на комисијата за спроведување на постапката за доделување на стипендии. Пријавата ќе биде достапна во просториите на општината, како и на интернет страницата на општината www.krivapalanka.gov.mk

Пријавата со потребните документи се доставува лично до Комисијата.

Рокот за поднесување на документи ќе биде објавен во конкурсот.

Покрај документите кои се поднесуваат со пријавата ученикот односно студентот се должни да потпишат изјава дека сите податоци наведени во пријавата се вистинити, а документите се оригинални и нивната содржина е вистинита.

Член 8

БОДИРАЊЕ

Комисијата по истекот на рокот за поднесување на пријавите, ги разгледува пријавите за доделување на стипендии и врши нивно бодирање. Непотполните пријави и пријавите пристигнати по истек на рокот нема да бидат разгледувани. Пријавите на кандидати кои не ги исполнуваат условите предвидени во конкурсот нема да бидат бодирани.

По извршеното бодирање на пријавените кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени во конкурсот, комисијата изготвува ранг листа на кандидатите.

Во случај да има кандидати со ист број на бодови предност ќе имат кандидатите со послаба материјална состојба.

Во случај да има кандидати со иста материјална состојба, конечната одлука за доделување на стипендија на ученик или студент донесува комисијата за спроведување на постапката.

Во случај да има кандидати со ист број на бодови и не може да се избере кандидат по став 3 и 4 од овој член, Комисијата на состанокот може да одлучи доколку од претходната година има кандидати кои не добиват стипендија поради не исполнување на услови да додели најмногу уште една стипендија на кандидат кој има ист број на бодови со последно рангираниот.

Член 9

Комисијата донесува конечна одлука за кандидати кои оствариле право на стипендија.

Член 10

Резултатите за кандидатите кои оствариле право на стипендија ќе бидат објавени на огласна табла во општина Крива Паланка и истите ќе бидат соодветно известени за добивање на правото на стипендија.

**ПРИГОВОР**

Член 11

Незадоволните кандидати имат право на приговор до Комисијата за спроведување на постапката за доделување на стипендија во рок од 3 (три) дена од објавувањето на резултатите.

Приговорот се поднесува во писмена форма.

Одлуката по приговорот се доставува во рок од 15 дена. Одлуката на Комисијата по приговорот е конечна.

**ПРАВА И ОБВРСКИ НА ПРИМАТЕЛИТЕ НА СТИПЕНДИЈА**

Член 12

Ако подносителот на пријава за стипендија, кој го остварил правото на стипендија, се откаже или во рок од 8 (осум) дена од денот на објавените резултати не се јави, право на стипендија остварува кандидатот кој е следен на ранг листата.

**ДОГОВОР ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИЈА**

Член 13

Корисникот на стипендија склучува договор за доделување на стипендија со давателот на стипендија – Општина Крива Паланка, со кој поблиску се утврдуваат меѓусебни права и обврски.

**НАЧИН НА ИСПЛАТА НА СТИПЕНДИЈА**

Член 14

Стипендијата се исплатува за 9 (девет) месеци во годината (од 1- ви октомври до 30-ти јуни идната година) без месеците јули, август и септември.

Стипендијата се исплатува на трансакциска сметка на корисникот на стипендија.

Член 15

Корисникот на ученичка стипендија го губи правото на стипендија ако:

- не ја заврши годината на школување

- не запише година на школување

- го промени училиштето

- не го заврши школувањето во рокот предвиден во Статутот на образовната установа

- ја заврши годината на школување со успех помал од 4,5 (четириипол)

- добие стипендија или кредит од друга институција, установа или компанија

- двапати во текот на една учебна година му биде изречена педагошка мерка

Член 16

Корисникот на студентска стипендија го губи правото на стипендија ако:

-го прекине студирањето

-го промени статусот од редовен во вонреден студент

- го промени факултетот

- не достави потврда за запишана година на факултет

- не достави уверение за положени испити со просек не помал од 8,5(осумипол).

- добие стипендија или кредит од друга институција, установа или компанија

- престојува во странство

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 17

Со стапување во сила на овој правилник престанува да важи правилникот со бр.09-1829/17 од 25.06.2018 година

Член 18

Овој правилникот стапува на сила со денот на неговото донесување.

**Бр. 09- 2150/15**
**19.07.2021 год.**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Правилник** за условите,критериумите и правилата за доделување на стипендии за подршка на млади таленти од општина Крива Паланка

1. Се објавува Правилник за условите,критериумите и правилата за доделување на стипендии за подршка на млади таленти од општина Крива Паланка , што Советот ја донесе на 54-та седница, одржана на ден 19.07.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 2150/16**
**20.07.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**

**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 14 став 1 точка 11 и 40 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен

гласник на Општина Крива Паланка бр.08/10, 08/14, 02/18 и 03/19), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на. 19. 07.2021 година донесе

**О Д Л У К А**

**За доделување на стипендии за подршка на млади таленти од**

**Општина Крива Паланка**

Член 1

Со оваа Одлука се доделуваат четири стипендии за талентирани студенти за студиската 2021/2022 година и четири стипендии за талентирани ученици-средношколци за учебната 2021/2022 година од Општина Крива Паланка.

Член 2

Висината на стипендијата која се доделува на учениците и студентите наведени во член 1 од оваа Одлука ќе изнесува 3.000,00 денари месечно, а ќе се исплатува 9 месеци во студиската/учебната година, почнувајки од месец октомври заклучно со месец јуни.

Член 3

Општина Крива Паланка ќе објави повик за доделување на стипендии за подршка на млади таленти за учебната 2021/2022 година, а начинот на аплицирање, роковите, условите, критериумите и постапката за избор и за доделување на стипендии ќе бидат утврдени со Правилник, донесен од страна на Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на 19.07.2021 година.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр. 09- 2150/17**
**19.07.2021 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за доделување на стипендии за поддршка на млади таленти од Општина Крива Паланка**

1. Се објавува Одлука за доделување на стипендии за поддршка на млади таленти од Општина Крива Паланка, што Советот ја донесе на 54-та седница, одржана на ден 19.07.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 2150/18**
**20.07.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 20-б став 1 алинеја 2 и 3 и став 2 од Законот за вработени во јавниот сектор ( Службен весник на РМ бр.27/14, 199/14, 27/16), а во врска со член 36 став 1 точка 15 од Законот

за локална самоуправа ( Службен весник на РМ бр.5/02 и член 14 став 1 точка 11 и 41 од Статутот на Општина Крива Паланка (Службен гласник на Општина Крива Паланка бр. 08/2010, 08/2014, 02/2018 и 03/2019), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 19.07.2021 година

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 2022 ГОДИНА НА ОУД „БОРО МЕНКОВ“ КРИВА ПАЛАНКА**

Член 1

Со оваа одлука Советот на Општина Крива Паланка дава согласност на Годишниот План за вработување за 2022 година на ОУД „Боро Менков“ Крива Паланка

Член 2

Годишниот План за вработување за 2022 година на ОУД „Боро Менков“ ќе се применува по добиена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Член3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка

**Бр.09- 2150/19**
**19.07. 2021година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за давање согласност на годиѓниот план за вработување за 2022 година на ОУД,,Боро Менков’’КИрива Паланка**

1. Се објавува Одлука за давање согласност на годиѓниот план за вработување за 2022 година на ОУД,,Боро Менков’’КИрива Паланка, што Советот ја донесе на 54-та седница, одржана на ден 19.07.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 2150/20**
**20.07.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/2002) и член 14 став (1) точка 40 и 41 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ број 08/2010, 08/2014, 02/2018 и 03/2019), Советот на Општина Крива паланка на седница одржана на ден 19.07.2021 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски придонес за спроведување на потпроектот Крива Паланка – Источна порта кон Европа (Фестивалска Туристичка Атракција)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува финансиски придонес за спроведување на потпроектот Крива Паланка – Источна порта кон Европа (Фестивалска Туристичка Атракција) во вкупен износ од 6.651.421,оо (шест милиони и шестотини и педесет и една илјада и четиристотини и дваесет и еден) денари, а врз основа на Анекс бр.3 на Договор за подгрант (Подгрант за инвестиции во инфраструктура поврзана со туризмот бр.LRCP-1/18-SG-55), склучен на ден 29.06.2021 година помеѓу Кабинетот на Заменик Претседател на Владата задолжен за економски прашања и координација со економските ресори и инвестиции, Единицата заспроведување на проектот (ЕСП) „Локална и регионална конкурентност“ и Општина Крива Паланка.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката бр.09-1829/45 од 25.06.2018 година.

**Бр.09-2150/21**
**19.07.2021 година**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Изабела Павловска** с.р

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за одобрување на финансиски придонес за спроведување на потпроектот Крива Паланка – Источна порта кон Европа (Фестивалска Туристичка Атракција)**

1. Се објавува Одлука за одобрување на финансиски придонес за спроведување на потпроектот Крива Паланка – Источна порта кон Европа (Фестивалска Туристичка Атракција), што Советот ја донесе на 54-та седница, одржана на ден 19.07.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 2150/22**
**20.07.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член14, став1, т.41 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/2010,8/14,02/18,03/19), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 19.07.2021 година, ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**

**За измена и дополнување на Програмата за уредување на и одржување на градско зеленило во општина Крива Паланка за 2021 година- Хортикултурно уредување на Градски парк**

Член 1

Со оваа Одлука се дополнува Програмата за уредување на и одржување на градско зеленило во општина Крива Паланка за 2021 година, и тоа:

По делот 3. **Подигање на нови зелени површини** се додава нова табела 3.1 „Хортикултурно уредување на Градскиот Парк со следните точки:

1 Подигање на зелена површина 1280 м2 x 80 ден =102.400

2 Садење на сезонско цвеќе 1200x35 ден = 42.000

3 Садење на декоративни дрвца 14x5.000 ден =70.000

4 Садење на декоративни грмушки 82x800 ден =65.600

5. Перени 80x250 ден =20.000 .

или вкупно 354.000 денари

Ва рекапитуларот се додава дел 3.1 со вредност 354.000 и вкупната сума во програмата наместо 5.803.664 че изнесува 6.157.664 денари .

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 09- 2150/23** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**19.07.2021 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за измена и дополнување на Програмата за уредување на и одржување на градско зеленило во општина Крива Паланка за 2021 година- Хортикултурно уредување на Градски парк**

1. Се објавува Одлука за измена и дополнување на Програмата за уредување на и одржување на градско зеленило во општина Крива Паланка за 2021 година- Хортикултурно уредување на Градски парк, што Советот ја донесе на 54-та седница, одржана на ден 19.07.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 2150/24**
**20.07.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 39 од Законот за заштита на правата на пациентите („Службен весник наРМ“ бр. 82/08), и член 14, став 35 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник наОпштина Крива Паланка“ бр.8/10, 8/14, 2/18 и 3/19), Советот на Општина Крива Паланка наседницата, одржана на 19.07.2021 година, донесе

О Д Л У К А

За формирање Комисија за заштита на пациентите наОпштина Крива Паланка

Член 1

Со оваа Одлука се формира Комисија за заштита на пациентите на Општина Крива Паланка во состав:

1.Елица Стојановска

2.Катица Борисовска

3.Моника Дејановска

4.Зоран Ангеловски

5.Др.Жарко Јовановски

6.Др.Љупчо Петковски

7.Емилија Младеновска

8.Ивана Јовановски

9.Бојан Мицевски

Член 2

Мандатот на членовите на Комисијата е 2 (две) години со право на уште 1 (еден)последователен избор.

Член 3

Комисијата донесува Деловник за својата работа со кои се уредува начинот на работењето.

Член 4

Оваа Одлука влелгува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во („Службен гласник наОпштина Крива Паланка“)

**Бр.09-2150/25**
**19.07.2021 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**

**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за формирање Комисија за заштита на пациентите на Општина Крива Паланка**

1. Се објавува Одлука за формирање Комисија за заштита на пациентите на Општина Крива Паланка, што Советот ја донесе на 54-та седница, одржана на ден 19.07.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 2150/26**
**20.07.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 14 точка 40 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/10, 08/14, 02/18 и 03/19), а во врска со член 3 став 1 точка 4, член 6 и член 10 од Законот задонации и за спонзорство во јавните дејности („Службен весник на РМ“ бр.47/06) и член 6 став 3 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.61/04), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 19.07.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за примање на донација на противпожарно возило марка ТАМ 170 Т14 OG**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за примање на донација на противпожарно возило марка ТАМ 170 Т14 OG со број на шасија 820006151, со просторна зафатнина на моторот од 8424 cm3 и јачина 121 KW.

**Член 2**

При приемот на противпожарното возило ќе се склучи Договор за донација помеѓу донаторот Република Словенија и Градоначалникот на Општина Крива Паланка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр. 09-2150/27**

**19.07.2021год,**

**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**Претседател**

**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за примање на донација на противпожарно возило марка ТАМ 170 Т14 OG**

1. Се објавува Одлука за примање на донација на противпожарно возило марка ТАМ 170 Т14 OG , што Советот ја донесе на 54-та седница, одржана на ден 19.07.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 2150/28**
**20.07.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка (1) од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 14 став (1) точка (1) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 8/2010, 8/2014, 2/2018 и 3/2019), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 19.07.2021 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**за прифаќање на иницијативата за изменување и дополнување на Статутот на Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Се прифаќа иницијативата за изменување и дополнување на Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка бр.8/2010, 8/2014, 2/2018 и 3/2019“).

**Член 2**

Ова одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Број 09-2150/29**
**19.07.2021 година**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Преседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за прифаќање на иницијативата за изменување и дополнување на Статутот на Општина Крива Паланка**

1. Се објавува Одлука за прифаќање на иницијативата за изменување и дополнување на Статутот на Општина Крива Паланка, што Советот ја донесе на 54-та седница, одржана на ден 19.07.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 2150/30**
**20.07.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 7 и член 36 став (1) точка (1) од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р. Македонија“ бр.05/2002), член 14 став (1) точка (1) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/2010, 8/2014, 2/2018 и 3/2019), а во врска со член 16, член 17 и член 18 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/2020) и член 46 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/2020), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 19.07.2021 година ја донесе следната

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА**

**за изменување и дополнување на Статутот на Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Во Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/2010, 8/2014, 2/2018 и 3/2019) се вршат следните измени и дополнувања:

Во членот 38-а став (2) од Статутот на Општина Крива Паланка, со тоа што бројот „30“ се заменува со бројот „29“.

Во членот 38-в став (1) од Статутот на Општина Крива Паланка, со тоа што по точка (12) се додава нова точка (13) која гласи:

„- врши други советодавни и застапувачки работи во согласност со ЗМУМП.“

Членот 38-г од Статутот на Општина Крива Паланка, се менува и гласи:

„Општина Крива Паланка распишува повик за формирање Иницијативен одбор. Во Иницијативниот одбор може да членуваат младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои работат и функционираат на територијата на Општината. Во повикот се напоменува дека Иницијативен одбор се формира само еднаш за одржување на конститутивното Локално собрание за млади. Иницијативниот одбор е составен од 3 члена и по успешно свикување на Локално собрание за млади истиот се распушта, односно мандатот престанува.

Иницијативниот одбор преку Општина Крива Паланка објавува јавен повик за членство во Локалното собрание на млади. Повикот се објавува на веб-страницата на Општина Крива Паланка.

Формите на организирање и здружување кои може да учествуваат во Локално собрание за млади не мора да бидат регистрирани во Општината, но мора да имаат активности на територијата на Општината. Делегатот и заменик-делегатот треба да бидат жители на Општината и на возраст од 15 до 29 години.

Иницијативниот одбор иницира и заседава со конститутивна седница на Локалното собрание на млади заедно со Одговорното лице на Општина Крива Паланка.

Од редовите на Локалното собрание на млади се избира и изгласува трочлена комисија, составена од млади, која е одговорна за следење на целокупниот процес за изборот на членови на Советот на млади. На конститутивната седница на Локалното собрание на млади се избира претседавач/ка по пат на тајно гласање. Секој член на Локално собрание за млади може да биде кандидиран за претседавач/ка или доколку е предложен и поддржан од најмалку 3 членови на Локално собрание за млади. Мандатот на членовите на Локално собрание за млади вклучително и на претседавачот/ката трае две години со право на уште еден избор.

На конститутивната седница, Локалното собранието на млади носи одлука за формирање

комисија која до следната седница на Локално собрание за млади на Општината треба да подготви Деловник за работа на Локално собрание за млади.

Првата седница на Локалното собрание на млади ја свикува веќе избраниот претседавач/чка на Локално собрание за млади. На седницата се усвојува Деловникот за работа изготвен и предложен од страна на комисијата и се донесува Одлука за распишување јавен повик за формирање Советот на млади на Општина Крива Паланка, со критериуми во согласност со Законот за младинско учество и младински политики. Јавниот повик се објавува на веб-страницата на Општина Крива Паланка и трае 15 дена од денот на неговото објавување.

По доставените пријави на кандидатите за членови на Советот на млади, надлежното лице, односно службеникот за млади документацијата од сите пријавени ја доставува до претседавачот/ката и до Локално собрание за млади кои пак свикуваат нова седница на Локално собрание за млади. На седницата на Локалното собрание на млади се повикуваат делегатите на Локално собрание за млади и младите кои се пријавиле за членови на Советот на млади, а ги исполнуваат критериумите од повикот.

Трачлената верификациона комисија на Локалното собрание за млади го следи процесот на избор на членови на младинскиот совет на Општината и ги потврдува мандатите на делегатите.

Кандидатите за членови на Советот на млади имаат право на куса презентација на својата програма пред членовите на Локално собрание за млади, по што следува постапката на гласање. Локалното собрание на млади избира членови на Советот на млади по пат на непосредни избори со тајно гласање во кое право на глас имаат делегатите од Локалното собрание на млади. За избрани членови на Советот на млади се сметаат оние членови кои освоиле најмногу гласови од страна на присутните делегати, водејќи сметка за балансирана застапеност на двата пола.

Бројот на Советот на млади е непарен и не надминува повеќе од 1/3 од членовите на Советот на Општона Крива Паланка .

Кандидатите за членови на Советот на млади ги предлагаат: граѓански организации и младински здруженија, училишни заедници совети, студентски совети и други форми на младински организации.

Врз основа на писмените предлози од предлагачите на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, Советот на Општина Крива Паланка го избира и го разрешува Советот на млади врз основа на одлука на Локалното собрание на млади. Советот на млади од своите редови избира претседател/ка и заменик-претседател/ка, согласно Деловникот за работа на Советот на млади.“

Во членот 38-д став (1) од Статутот на Општина Крива Паланка, со тоа што зборот „четири“ се заменува со зборот „две“ и по зборот „години“ се додаваат зборовите „со право на уште еден избор“.

По членот 38-е од Статутот на Општина Крива Паланка се додава нов член 38-ж кој гласи:

„Општина Крива Паланка обезбедува финансиски средства за работа на Советот на млади и простор за одржување седници на Советот на млади во Општина Крива Паланка. Од буџетот на Општината, се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,1 % на годишно ниво кои вклучуваат ресурси за работењето на Советот на млади во согласност со усвоената годишна програма.

Членовите на Советот на млади не добиваат надоместок за својата работа. Стручните и административните работи за потребите на Советот на млади ги врши администрацијата во Општина Крива Паланка, односно назначува службеник/чка за млади во согласност со Законот за младинско учество и младински политики.“

По членот 38-ж од Статутот на Општина Крива Паланка се додава нова ГЛАВА В) ПАРТИЦИПАТИВНО ТЕЛО ОД ОБЛАСТА НА УРБАНИЗМОТ и нов член 38-з кој гласи:

„За обезбедување на инклузивност, партиципативност и јавност во процесот на

урбанистичкото планирање, општината задолжително формира партиципативно тело на иницијатива на градоначалникот или на партиципиентите од ставот (3) на овој член.

Партиципативното тело ги претставува сите различни интереси и интересни групи во локалната заедница и ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните и правните лица, ги следи состојбите во планирањето преку давање иницијативи, насоки и сугестии за изготвување на плански решенија и во постапката за изработување и донесување на плановите ги разгледува планските програми и планските решенија на урбанистичките планови во нивната работна верзија.

Партиципативното тело се состои од членови на комисијата за урбанизам на општината, што ги одредува градоначалникот и стручни лица вработени во правното лице што го изработува урбанистичкиот план кој е предмет на расправа, а особено од лица кои се претставници од урбаните и месните заедници, претставници на невладините организации од различните сегменти на урбаниот живот, здруженија на граѓани и граѓански активисти од подрачјето на општината што ги претставуваат различните групи на граѓани, како и граѓани што се стручни лица од областа на урбанистичкото планирање и другите стручни области суштествени за планирањето и одржливиот развој на градот. Партиципативното тело се формира од доброволно пријавени лица по јавен оглас објавен на веб страната од Општина Крива Паланка и во писмена форма со излагање на огласот на јавно место во траење од 30 дена.

Учеството на лицата вработени во Општина Крива Паланка во партиципативното тело е по службена должност, а на лицата што не се вработени во Општина Крива Паланка учеството е на доброволна основа.

Партиципативното тело има право да расправа за сите работи од надлежност на Општина Крива Паланка и може да влијае на планските решенија и политиките на просторен развој, преку презентирање на своите мислења на советот на општината.

Партиципативното тело заседава најмалку еднаш на два месеци и има консултативна улога во постапката за изработување и донесување на урбанистички планови, особено ја разгледува планската програма во фаза пред таа да му биде предложена на градоначалникот за одобрување, како и урбанистичкиот план во фаза на урбанистичко планско решение пред да биде дадено на стручна ревизија. Работата на партиципативното тело е јавна.

Начинот на работа и бројот на членови на партиципативното тело се уредуваат во деловникот на партиципативното тело што го донесува советот на Општина Крива Паланка, при што бројот на граѓански членови на партиципативното тело што се пријавиле на доброволна основа не е ограничен.“

**Член 2**

Ова Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Број 09-2150/31**
**19.07.2021 година**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Крива Паланка**

1. Се објавува Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Крива Паланка, што Советот ја донесе на 54-та седница, одржана на ден 19.07.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 2150/32**
**20.07.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 23 став 1 алинеја 1 и член 32 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води („Службен весник на РМ“ бр. 68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15, 147/15 и 31/16), како и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 14 став 1 точка 40 и 41 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на општина Крива Паланка“ бр.08/2010, 08/2014, 02/2018 и 03/2019), Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 19.07.2021 година донесе

**О Д Л У К А**

**за преземање на водоводен систем во с.Станци Крива Паланка**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Општина Крива Паланка врши преземање на водоводниот систем во с.Станци Крива Паланка, од месното население во с.Станци, Крива Паланка.

Преземањето на водоводниот систем с.Станци Крива Паланка е на барање на повеќе од 50% од месното население кое што го користи овој водоводен систем.

Преземањето на водоводниот систем ќе биде направено во рок од 10 дена по влегувањето во сила на оваа Одлука, а истото ќе биде записнички спроведено од страна на мешовита комисија, составена од претставници на Општина Крива Паланка и претставници од месното население од с.Станци , Крива Паланка.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09- 2150/33** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**19.07.2021 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за преземање на водоводен систем во с. Станци**

1. Се објавува Одлука за преземање на водоводен систем во с. Станци , што Советот ја донесе на 54-та седница, одржана на ден 19.07.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 2150/34**
**20.07.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 3 став 1 точка 16, член 23 став 1 алинеја 1 и член 32 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води („Службен весник на РМ“ бр. 68/04, 28/06, 103/08, 17/11, 54/11, 163/13, 10/15, 147/15 и 31/16), како и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 14 став 1 точка 40 и 41 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на општина Крива Паланка“ бр.08/2010, 08/2014, 02/2018 и 03/2019), Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 19.07.2021 година донесе

**О Д Л У К А**

**за предавање на управување на водоводен систем во с.Станци , Крива Паланка**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Крива Паланка врши предавање на управување на водоводниот систем во с.Сатнци , Крива Паланка на ЈП Комуналец - Крива Паланка.

**Член 2**

По предавањето на водоводниот систем во с.Сатнци на ЈП Комуналец - Крива Паланка, ЈП Комуналец - Крива Река ќе биде единствен надлежен за стопанисување и одржување на овој водоснабдителен систем, а средствата за доведување во исправна состојба, санација и одржување на водоводниот систем ќе бидат обезбедени од ЈП Комуналец – Крива Паланка.

Предавањето на водоводниот систем ќе биде направено во рок од 10 дена по влегувањето во сила на оваа Одлука, а истото ќе биде записнички спроведено од страна на мешовита комисија, составена од претставници на Општина Крива Паланка и претставници ЈП Комуналец - Крива Паланка.

**Член 3**

По преземањето на водоводниот систем во с.Станци , Крива Паланка, ЈП Комуналец – Крива Паланка е должен со сите корисници на водоводниот систем да склучи договор за користење на услуги, а согласно со позитивните законски прописи.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09-2150/35**
**19.07.2021 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за предавање на управување на водоводен систем во с.Станци,Крива Паланка**

1. Се објавува Одлука за предавање на управување на водоводен систем во с.Станци,Крива Паланка , што Советот ја донесе на 54-та седница, одржана на ден 19.07.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 2150/36**
**20.07.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 14 став 1 точка 41 од Статутот на општина Криваа Планка (Сл.гласник на општина Крива Паланка“ бр.8/2010, 8/2014, 2/2018, 3/2019) , Советот на општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 19.07.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за ставање вон сила на Одлука за давање на приоритет за користење на преостанати грант сретства од Министерството за транспорт и врски бр.09-1862/7 од 28.06.2021 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Одлука за давање на приоритет за користење на преостанати грант сретства од Министерството за транспорт и врски бр.09-1862/7 од 28.06.2021 година ,се става ВОН ПРАВНА СИЛА.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувње, а истата ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.09-2150/37**
**19.07.2021 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за давање на приоритет за користење на преостанати грант сретства од Министерството за транспорт и врски бр.09-1862/7 од 28.06.2021 година**

1. Се објавува Одлука за давање на приоритет за користење на преостанати грант сретства од Министерството за транспорт и врски бр.09-1862/7 од 28.06.2021 година , што Советот ја донесе на 54-та седница, одржана на ден 19.07.2021 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 2150/38**
**20.07.2021 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Борјанчо Мицевски с.р**

# С О Д Р Ж И Н А

Ред.бр. страна


| Ред.бр. | | страна |
|---|---|---|
| 1. | Одлука за доделување на финансиски сретства за учество на лица на европско првенство во карате како членови на репрезентцијата на Република Северна Македонија ............................................................... | 1 |
| 2. | Заклучок за објавување на Одлука за доделување на финансиски сретства за учество на лица на европско првенство во карате како членови на репрезентцијата на Република Северна Македонија................. | 2 |
| 3. | Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка К1,К2 и К3 за II квартал за 2021 година............ | 3 |
| 4. | Заклуок за објавување на Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка К1,К2 и К3 за II квартал за 2021 година.......................................................................... | 4 |
| 5. | Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2021 година.................................................................... | 5 |
| 6. | Заклуок за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2021 година.................................... | 7 |
| 7. | Решение за именување на член на Управниот Одбор на Заедничко Јавно Претпријатие за Регионално Управување со Отпад „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК“ Свети Николе................................................................ | 8 |
| 8. | Заклучок за објавување на Решение за именување на член на Управниот Одбор на Заедничко Јавно Претпријатие за Регионално Управување со Отпад „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК“ Свети Николе................................ | 9 |
| 9. | Одлука за доделување на стипендии за ученици спортисти во индивидуални спортови и ученици спортисти во екипни спортови кои учат во основните училишта на подрачјето на општина Крива Паланка и средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2021/2022 година.............................................................................. | 10 |
| 10. | Заклучок за објавување на Одлука за доделување на стипендии за ученици спортисти во индивидуални спортови и ученици спортисти во екипни спортови кои учат во основните училишта на подрачјето на општина Крива Паланка и средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2021/2022 година.................................................... | 11 |

| | | |
|---|---|---|
| 11. | Одлука за субвенциониран превоз на студенти за студиската 2021/2022 кои студират на државните универзитети во Скопје, а се жители на Општина Крива Паланка.......................................................................... | 12 |
| 12. | Заклучок за објавување на Одлука за субвенциониран превоз на студенти за студиската 2021/2022 кои студират на државните универзитети во Скопје, а се жители на Општина Крива Паланка....................................... | 13 |
| 13. | Правилник за условите,критериумите и правилата за доделување на стипендии за подршка на млади таленти од Општина Крива Паланка.......... | 14 |
| | Заклучок за објавување на Правилник за условите,критериумите и правилата за доделување на стипендии за подршка на млади таленти од Општина Крива Паланка............................................................................ | 22 |
| 13. | Одлука за доделување на стипендии за подршка на млади таленти од Општина Крива Паланка............................................................................ | 23 |
| 14. | Заклучок за објавување Одлука за доделување на стипендии за подршка на млади таленти од Општина Крива Паланка.......................................... | 24 |
| 15. | Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување за 2022 година на ОУД,,Боро Менков’’Крива Паланка......................................... | 25 |
| 16. | Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност на годишниот план за вработување за 2022 година на ОУД,,Боро Менков’’Крива Паланка | 26 |
| 17. | Одлука за одобрување на финансиски придонес за спроведување на потпроектот Крива Паланка – Источна порта кон Европа (Фестивалска Туристичка Атракција)............................................................................ | 27 |
| 18. | Заклучок за објавување на Одлука за одобрување на финансиски придонес за спроведување на потпроектот Крива Паланка – Источна порта кон Европа (Фестивалска Туристичка Атракција.......................................... | 28 |
| 19. | Одлука за измена и дополнување на Програмата за уредување на и одржување на градско зеленило во општина Крива Паланка за 2021 година- Хортикултурно уредување на Градски парк ............................. | 29 |
| 20. | Заклучок за објавување на Одлука за измена и дополнување на Програмата за уредување на и одржување на градско зеленило во општина Крива Паланка за 2021 година- Хортикултурно уредување на Градски парк.................................................................................... | 30 |
| 21. | Одлука за формирање Комисија за заштита на пациентите наОпштина Крива Паланка.................................................................................... | 31 |

| | | |
|---|---|---|
| 22. | Заклучок за објавување на Одлука за формирање Комисија за заштита на пациентите наОпштина Крива Паланка...................................................... | 33 |
| 23. | Одлука за примање на донација на противпожарно возило марка ТАМ 170 Т14 OG ........................................................................................ | 34 |
| 24. | Заклучок за објавување на Одлука за примање на донација на противпожарно возило марка ТАМ 170 Т14 OG......................................... | 35 |
| 25. | Одлука за прифаќање на иницијативата за изменување и дополнување на Статутот на Општина Крива Паланка......................................................... | 36 |
| 26. | Заклучок за објавување на Одлука за прифаќање на иницијативата за изменување и дополнување на Статутот на Општина Крива Паланка.......... | 37 |
| 27. | Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Крива Паланка.......................................................................................... | 38 |
| 28. | Заклучок за објавување на Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Крива Паланка................................. | 41 |
| 29. | Одлука за преземање на водоводен систем во с.Станци Крива Паланка...... | 42 |
| 30. | Заклучок за објавување на Одлука за преземање на водоводен систем во с.Станци Крива Паланка............................................................................... | 43 |
| 31. | Одлука за предавање на управување на водоводен систем во с.Станци , Крива Паланка........................................................................................ | 44 |
| 32. | Заклучок за објавување Одлука за предавање на управување на водоводен систем во с.Станци , Крива Паланка........................................ | 45 |
| 33. | Одлука за ставање вон сила на Одлука за давање на приоритет за користење на преостанати грант сретства од Министерството за транспорт и врски бр.09-1862/7 од 28.06.2021 година.......................................................................................... | 46 |
| 34. | Заклучок за објавување на Одлука за ставање вон сила на Одлука за давање на приоритет за користење на преостанати грант сретства од Министерството за транспорт и врски бр.09-1862/7 од 28.06.2021 година................................................ | 47 |